РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
АЛЕКСАНДАР УРДАРЕВСКИ
Бр. 02-178/1
27.06. 2024 год.
с.Сандево-Чучер Сандево

**ИЗВЕШТАЈ**

од самоевалуација на ООУ ,,Александар Урдаревски" с. Сандево период 2022-2024 година

Врз основа на Законот за основното образование – Консолидиран текст („Службен весник на РСМ" бр.161/19 и 229/20 година) член 129 став 4 Општинското основно училиште ,,Александар Урдаревски" с. Сандево изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2022-2024 година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 31.05.2024 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот 31.05.2024 до 26.06.2024 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| Подрачје | Членови на тимот |
|---|---|
| 1. Планирање, настава и учење | 1. Николина Ѓорчевска<br>2. Валентина Пешевска<br>3. Стефан Нешковиќ<br>4. Ана Гурмешевиќ<br>5. Верче Славковиќ<br>6. Наташа Кипријановиќ<br>7. Наташа Стајковиќ |
| 2. Постигања на учениците | 1. Ангел Гиевски<br>2. Игор Беличански<br>3. Ирена Јошевска<br>4. Александра Ѓаковиќ<br>5. Павлинка Стоилковска<br>6. Валентина Сурловска<br>7. Лиле Гиевска |
| 3. Училишна клима и односи во училиштето | 1. Ана Радосављевиќ<br>2. Кристина Јаневска<br>3. Гордана Димитриева<br>4. Стефан Ацковски<br>5. Анѓа Живановска<br>6. Жозефина Томашевска<br>7. Зорица Силјановска |

| | |
|---|---|
| 4. Управување и раководење | 1. Маја Тапарчевиќ<br>2. Јулијана Јакимовска<br>3. Благица Гогова<br>4. Сања Трајановска<br>5. Даниела Periќ<br>6. Александар Пирковски<br>7. Андријана Шегмановиќ |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 27.06.2024 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

| **Подрачје 1: Планирање, настава и учење** |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето** |
| Наставниците врз основа на наставните програми пропишани од Биро за развој на образование и одобрени од Министерство за образование изготвуваат Планирања за реализација на наставата за тековната учебна година. Исто така изготвуваат и планирања за изведување на дополнителна и додатна настава. Планирањата се изготвуваат во рамки на стручните активи и индивидуално, преку утврдување на приоритетите во наставниот процес, а со цел да се реализираат целите на воспитно-образовниот процес. Во училиштето постои систем за следење на планирањето на наставниците, кое го врши педагошко-психолошката служба и директорот на училиштето. Овој систем подразбира документирање на планирањата на наставниците и сите пропратни документи кои се потребни за успешно планирање на наставниот процес и следење на нивната реализација. Наставниците најчесто ги разменуваат информациите и искуствата во рамки на стручните активи, каде споделуваат сопствени искуства и добри практитики од планирањето. Педагошко-психолошката служба е служба за поддршка и има советодавна |

улога во случаи кога тоа е потребно. Наставниците користат современи наставни техники и методи со кои ја поттикнуваат групната работа, како и различните начини на изразување на способностите, креативноста и потенцијалите на учениците. Во училиштето се води политика на правична застапеност и вклученост на учениците. Во училиштето редовно се планираат и реализираат активности за меѓуетничка интеграција во образованието. Училиштето активно учествува во стимулацијата и мотивацијата на учениците, со реализација на воннаставни активности, со градење вредности на културата, со наградување на трудот и креативноста кај учениците. Негувањето на индивидуалниот пристап во наставата, овозможува делумно да наставниците ги прилагодат наставните планови и нивниот начин на работа во зависност од стилот на учење на учениците. Инклузијата во училиштето е на високо ниво. Учениците со ПОП се прифатени од соучениците и наставниците.

Наставниците ги прилагодуваат програмите со содржини за потребите на локалната средина со реализирање на проекти и преку одбележување на значајни датуми, прослави и др. Училиштето секогаш учествува во сите културни и спортски случувања и активности во соработка со локалната средина.

**Силни страни**

- Училиштето има обезбедено современи нагледни средства за реализирање настава по сите
- валитет при реализација на воннаставните активности
- Позитивна средина и атмосфера за учење
- Почитување на ставовите на учениците при избор на слободен изборен предмет

**Слаби страни**

- Поголема вклученост на родителите при планирање на годишната програма на училиштето
- Недостиг на годишен распоред за учество на учениците во натпревари
- Воведување на механизам за следење и решавање на случаи на врсничко насилство и сајбер насилство

**Приоритети**

1. Изработка на годишен распоред за учество на учениците во натпревари
2. Воведување на механизам за следење и решавање на случаи на врсничко насилство и сајбер насилство

## Подрачје 2: Постигања на учениците

**Опис/резиме**

Постигнувањата и редовноста на учениците на крајот на првото полугодие и на крајот на учебната година по предмети, се релативно добри, но треба да се вложат заеднички напори од страна на наставниците, родителите, а особено од страна на учениците за да бидат тие постигнувања уште подобри. Учениците во текот на цела година се оценуваат формативно, но на крајот на првото полугодие и на крајот на учебната година учениците од I до III одделение се оценуваат описно, а учениците од IV до IX одделение се оценуваат бројчано. Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата по сите наставни предмети, за сите

квалификациони периоди и презема активности за нивно подобрување. Училиштето има систем за детектирање и поддршка на учениците кои имаат тешкотии во учењето, надарените ученици, како и на учениците со пречки во развојот и континуирано го следи нивниот напредок.

Подобрувањето на постигнувањата на учениците, наставниците од нашето училиште го стимулираат преку вклучување во разни проекти, дополнителна и додатна настава, учество на натпревари, екскурзии, преку работата на стручните активи и слично. Соодветна и навремена стимулација, коректен однос наставник/ ученик, подобрување на соработката со родителите се добар начин за подобрувањето на успехот кај учениците.

Училиштето доследно ја спроведува пропишаната политика за следење на хоризонталното и вертикалното движење на учениците.

Училиштето има развиен систем и организира заеднички активности (наставни и воннаставни) со ученици од мешан етнички состав во рамките на училиштето или во партнерство со училиште од друг наставен јазик.

Осипувањето на учениците е сосема незначително што се гледа од приложените извештаи. Тоа е пак доволен показател дека училиштето успешно го остварува образовниот процес, односно наставните и воннаставните активности.

**Силни страни**

- Континуирано следење на постигнување и редовноста на ученици по сите предмети.
- Подобрувања на постигнувања на ученици преку редовна ,дополнителна и додатна настава.
- Опфатеност наученците со воннаставните активности организирани во секции и групи.
- Продуктивната работа од овие секции се експонирана од одредени училишни манифестации и приредби, а најмногу преку ученичките натпревари на општинско, регионално и државно ниво.
- Значајни постинувања во делот на екологијата и меѓуетничка интеграција на учениците.
- Нашето училиште остварува силна соработка солокалната самоуправа, како и соработка и размена на искуства со други училишта, организации, со Заводот за ментално здравје на деца и младинци и локалната средина.
- Повторување во нашето училиште нема.
- Континуирано подобрување на условите во училиштето за реализација на наставните и воннаставните активности.

**Слаби страни**

- Недоволно опремени училници, мал број на основни нагледни средства и помагала, немање услови за кабинетска настава кои се основен услов за имплементација на Кембриџ програмата во наставата по математика и природни науки и концепцијата за четврто одделение
- Потреба од поголема ангажираност на Советот на родителите при изнаоѓање на финансиски средства спонзорство, поддршка и помош од МОН, Локалната самоуправа како логистичка поддршка за училишните проекти и слично.
- Следење на постигањата на учениците при премин од еден во друг образовен циклус од основно во средно образование.
- Недоволна вклученост и ангажирање на родителите во воспитно образовниот процес и воннаставните активности.

**Приоритети**

- Обезбедување на поголем број на современи материјално - технички средства и наставни помагала за опремување и подобрување на инфраструктурната состојба на училниците или пак нивно адаптирање кои ќе им помогнат на учениците во напредувањето и зголемено учество во сите активности кои ги организира училиштето и постојана и стабилна интернет конекција.
- Следење постигањата на учениците при премин од еден во друг образовен циклус, од основно во средно образование.
- Транспарентност во информирањето за постигањата на учениците на натпреварите.
- Поголема професионална соработка помеѓу наставницитеи,стручната служба и поголемо вклучување на родителите во најразлични активности и реализација на воспитно образовниот процес.

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

**Опис/резиме**

Од прегледаните документи и од спроведените анкети се гледа училиштето е препознатливо по квалитетот на работа и постигањата на учениците во различни области, како и остварување на визијата и мисијата на училиштето. Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците, ги негува родовата сензитивност и мултикултурализмот, ја поддржува инклузивноста и го зајакнува учеството на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Наставниот кадар е почитуван од страна на родителите. Учениците и вработените се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него.. Во нашето училиште има ученици од различно етничко потекло и меѓу нив постои високо меѓусебно почитување без разлика на полот на кои му припаѓаат.

Учениците имаат толерантен и хуман став и кон учениците со психо – физички пречки во развојот.

Училиштето преку редовни училишни еко акции, предавања, работилници и слично ја поттикнува свеста кај учениците за одржување на хигиената, акции за чистење на училишниот двор, садење цвеќиња, собирање пластични шишиња. Учениците не се запознаени со функционирањето на ученичкиот парламент и работата на ученичкиот правобранител.

**Силни страни**

- Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него
- Училиштето ги негува родовата сензитивност и мултикултурализмот
- Училиштето ја поддржува инклузивноста
- Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците
- Училиштето води политика на заемно почитување, еднаквост, хуманост и толеранција
- Дисциплината на учениците во училиштето е добра
- Подеднаков однос на наставниците кон сите ученици без разлика на половата и етничката припадност

**Слаби страни**

| |
|---|
| • Поголемо учество на ученичкиот парламент во училишните активности. |
| **Приоритети** |
| • Поголемо вклучување на ученичкиот парламент во училишните активности и функционирање. |

| **Подрачје 4: Управување и раководење** |
|---|
| **Опис/резиме** |
| Училишниот одбор има воспоставено партнерски односи со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Според деловникот, секретарот на училиштето редовно ги информира наставниците за работењето на Училишниот одбор, преку истакнување на одлуките на огласната табла согласно Деловникот за работа на УО со што се обезбедува транспарентност на донесените одлуки.<br>Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштетето. Визијата на училиштето е заедничка и јасно вклучена во сите програмски документи кои се изработуваат во училиштето. Тој работи тимски при процесот на градење на политики, планирање и обезбедување квалитет. Заедно со Тимот за развојна програма, го следи процесот на реализација на акциските планови за реализација на развојната програма. Раководниот орган објективно го оценува работењето на вработените, го вреднува нивниот придонес во тимската работа и ја промовира добрата практика што постои во училиштето. Директорот доделува одговорни задачи на кадарот, ги координира, следи и евалуира реализацијата на активностите, изготвува прегледи, извештаи, врши анализа и информира за резултатите. Во остварување на обврските и раководењето, директорот на училиштето поднесува извештај до надлежните органи за успехот и постигнатите резултати во образовната работа, за реализација на годишната програма, како и за материјалното работење на училиштето во текот на учебната година. При донесувањето одговорни одлуки за воспитно – образовниот процес директорот е поддржан од членовите на Наставничкиот совет, Советот на родители и Училишниот одбор. Училиштето навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности.<br><br>Од резултатите добиени од спроведената анкета може да се констатира дека потребата од наставни средства и материјали се утврдува во договор со директорот на училиштето, а училиштето во согласност со своите можности ги обезбедува потребните наставни средства и помагала.<br>Наставниот кадар е во согласност со нормативите, квалификуван и способен да ги преземе одговорностите во наставата согласно потребите на учениците и училиштето во целина. Професионалниот развој на наставниците се планира и реализира индивидуално, на ниво на стручни активи и на ниво на училиште. Секој наставник изработува личен план за професионален развој и го имплементира истиот, изготвувајќи извештај за неговата реализација.<br>Сите наставници во училиштето имаат изготвено личен план за професионален развој во врз основа на самоевалуацијата во однос на професионалните компетенции и успешно ги идентификуваат компетенциите кои би сакале да ги подобрат преку разни обуки, семинари и конференции. |

Училиштето има процедури за креирање на училишната политика. Во постапките за креирање на училишната политика се вклучени наставниците, родителите и учениците како и секторот за образование од основачот - Општината. Учениците и родителите се запознаени со целите, начелата и вредностите на училиштето, исто така и со начинот на нивното остварување и подобрување. Информирањето на сите заинтересирани субјекти се врши со доставување на писмени документи до субјектите, со писмени документи поставени на огласна табла но и усно на индивидуални или групни состаноци и средби. Во креирањето на политиката вклучена е и безбедноста и грижата за здравјето на учениците. Училиштето има Куќен ред, Правилник за однесување на учениците, наставниците и родителите во училиштето и училишниот двор. Во насока на безбедноста училиштето има изработено и Протокол за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на било која од формите на насилство, злоупотреба и занемарување. Унапредување на училишната политика се врши преку континуираната работа на училиштето за унапредување на инклузијата на децата со попреченост во училиштето со вклучување на инклузивниот тим во проекти во соработка со образовниот сектор од општината и претставници на стручните тела за функционална проценка, преку едуцирање и учество на наставниот кадар на вебинари, обуки, со цел да се постигне вреднување на различностите, промовирање еднаквост и недискриминација и креирање услови и можности за учење и напредување на секој ученик. Во училиштето постои развојно планирање и целите дадени во него се јасни и во насока да ја отсликаат мисијата, визијата и вредностите на училиштето. Тие се конкретни, остварливи и во согласност со предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето. При нивното поставување се вклучени наставникот ментор, наставниците, родителите, учениците, училишниот одбор и претставниците од локалната заедница. Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има изработено финансиски план за распределување на финансиските средства. Училиштето има донесено финансиски план, усвоен финансиски извештај, усвоена завршна сметка и план за јавни набавки.Завршните сметки се разгледуваат на седниците на училишниот одбор. За финансиското работење училиштето ги информира органите и телата во училиштето, како и локалната власт преку годишниот и полугодишниот извештај.

**Силни страни**

- Раководниот орган на училиштето има воспоставено партнерски однос со членовите на Училишниот одбор;
- Во училиштето се реализираат голем број на активности за подобрување на училишната инфраструктура и создавање ергономски и пријатни просторни услови за одвивање на наставата и за организирање вонваставни активности.
- Директорот има јасна визија за развојот и напредокот на училиштето
- Во училиштето максимално се користат расположливите капацитети за реализација на наставата и вонваставните активности
- Училиштето располага со најразлични наставни средства и материјали кои секојдневно се користат во наставниот процес со цел успешна и квалитетна реализација на наставата, и истите континуирано се усовршуваат.
- Училиштето планира и навреме обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и вонваставните активности, согласно планот научилиштето.
- Училиштето има вработено наставници за реализирање на воспитно-образовниот процес по

сите наставни предмети и тие се со соодветно образование согласно со нормативите.

- Во училиштето има наставник-ментор кој им ја пружа неопходната поддршка на наставниците за имплементација на иновативни приоди во наставата и следење на промените во воспитно образовниот систем.
- Наставниците успешно работат како тим во рамките на стручните активи и придонесуваат за ефективно работење на училиштето.
- Училишната библиотека е достапна и пристапна за сите ученици.
- Наставниот кадар се распоредува според стручност, и постојат механизми за брза и соодветна замена при отсуство на наставен кадар.
- Сите наставници изработуваат личен план за професионален развој, согласно основните професионални компетенции, успешно идентификувајќи ги подрачјата за сопствен професионален развој.
- Се изработува план за професионален развој на ниво на училиште согласно личните планови за професионален развој, резултатите од самоевалуацијата и програмата за развој ан училиштето.
- Постапките за финансиско работење, што ги спроведува училиштето, се во согласност со законските норми.
- Училишниот одбор редовно го следи наменското трошење на буџетот со цел да има увид во потрошените финансиски средства.
- Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето.
- Вработените, Училишниот одбор и родителите покажуваат посветеност на придонесот во работата на училиштето;
- Поддршката и помошта на учениците што училиштето ја дава и обезбедува е битен услов за севкупниот негов напредок;
- Училиштето има донесено повеќе интерни правилници со кои се регулира однесувањето на учениците, нивното наградување и изрекување педагошки мерки, упис на учениците, менторска работа со приправници и сл;
- Постапката за креирање на училишната политика е преку давање предлози и учество на наставниците, родителите и учениците во различни тимови;
- Училишниот простор ги исполнува условите за реализација на наставата согласно Нормативот за реализација на наставата согласно Нормативот за реализација на настава

**Слаби страни**

- Училиштето има потреба од дополнување со стручни соработници, педагог и психолог.
- Учениците од ученичкиот парламент недоволно се вклучени во активностите во училиштето.

**Приоритети**

- Да се дополни стручна служба со ангажирање на педагог и психолог.
- Ученичкиот парламент да се запознае и вклучи во работата на училиштето.

**Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето**

1. Изработка на годишен распоред за учество на учениците во натпревари;
2. Воведување на механизам за следење и решавање на случаи на врсничко насилство и сајбер насилство;
3. Обезбедување на поголем број на современи материјално - технички средства и наставни помагала за опремување и подобрување на инфраструктурната состојба на училниците или пак нивно адаптирање кои ќе им помогнат на учениците во напредувањето и зголемено учество во сите активности кои ги организира училиштето и постојана и стабилна интернет конекција;
4. Следење постигањата на учениците при премин од еден во друг образовен циклус, од основно во средно образование;
5. Транспарентност во информирањето за постигањата на учениците на натпреварите;
6. Поголема професионална соработка помеѓу наставниците, стручната служба и поголемо вклучување на родителите во најразлични активности и реализација на воспитно образовниот процес;
7. Поголемо вклучување на ученичкиот парламент во училишните активности и функционирање;
8. Да се дополни стручна служба со ангажирање на педагог и психолог.

Комисија за спроведување на СЕУ:

Николина Ѓорчевска
Ангел Гиевски
Ана Радосављевиќ
Маја Тапарчевиќ
Марина Пршевска